Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.) и член 38 став (1) точка 44, а во врска со член 143 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14 и 13/20г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 26.02.2021 година, донесе

# ПРОГРАМА

## за финансирање проекти, манифестации и значајни настани на Месните заедници во општина Гевгелија во 2021 година

### 1.Цели

Основна цел на оваа Програма е поддршка на културните и другите активности организирани од месните заедници во населените места. Одржувањето на културните и другите активности во населените места е од посебно значење за животот и работата на граѓаните во срединиte каде што живеат.

Месните заедници, како облици на месна самоуправа, се грижат за културното живеење на граѓаните на своето подрачје.

### 2.Активности

Во 2021 година Општина Гевгелија ќе ги поддржи следниве активности на месните заедници, и тоа:

(ПРИЛОГ :ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ)

| Ред .Бр. | Предлагач на проектот | Име на програмската активност | одобрени средства за ПРОГРАМА 2021г. |
|---|---|---|---|
| 1 | **Месна заедница "Моин" - с.Моин** | **Моинска вечер; Празнување на 11-ти Октомври** | **30.000 ден.** |
| 2 | **Месна заедница "Габрово" - с.Габрово** | **Празнување на панаѓур во с.Габрово; Митровден** | **15.000 ден.** |
| 3 | **Месна заедница "Прдејци" - с.Прдејци** | **Коледарски хепенинг, Свети Трифун, панаѓурски дружења, 11-ти Октомври,Прдејчка вечер** | **30.000 ден.** |
| 4 | **Месна заедница "Богородица" - с.Богородица** | **Првомајски трки; панаѓурски смотри; новогодишен концерт, концерт на фолкорни групи** | **30.000 ден.** |
| 5 | **Месна заедница "Ново Конско" - с.Ново Конско** | **Празнување на панаѓур во с. Ново Конско, концерт на фолкорни групи, Празнување на Митровден** | **20.000 ден.** |
| 6 | **Месна заедница "Давидово" - с.Давидово** | **Прослава на Коледе и Василица; одбележување на празникот Св.Илија; прослава на "Мала Богородица"** | **20.000 ден.** |
| 7 | **Месна заедница "Серменин" - с.Серменин** | **Прослава на панаѓур на Илинден,прослава на Митровден,Серменинска вечер** | **20.000 ден.** |
| | **Други активности** | | **135.000 ден.** |
| | **ВКУПНО:** | | **300.000 ден.** |

3.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-400/1
26.02.2021год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**